# С Т А Т У Т

## НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ

Скопје, март 2025

КРАТКА СОДРЖИНА

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ ....... 1
2. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО ....... 2
3. ЗАШТИТЕН ЗНАК, ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ ....... 3
4. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ....... 3
5. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И АКЦИИ ....... 4
6. ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА АКЦИОНЕРИТЕ И ПРЕНОС НА АКЦИИ ....... 6
7. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО ....... 7
8. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ВО ИНВЕСТИРАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ ....... 22
9. ГОДИШНА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ....... 23
10. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА ....... 24
11. ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ И ПЕНЗИОНИРАНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ ....... 25
11. ИНФОРМИРАЊЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ ....... 25
12. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ....... 26
13. ДЕЛОВНА ТАЈНА ....... 27
14. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО ....... 28
15. ДРУГИ АКТИ НА ДРУШТВОТО ....... 28
16. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ....... 29

Друштво за управување со доброволни пензиски фондови
ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД
Бр. 0201-1014
03.03 2025 год.
Скопје

Врз основа на член 417 и 418 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), и врз основа на Статутарната одлука за изменување на Статутот на ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ од 03.03.2025 година, се утврдува следниот пречистен текст на:

# С Т А Т У Т

## НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Друштво за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ (во понатамошниот текст: Друштвото) е правно лице со седиште во Република Северна Македонија основано да врши работи на управување со доброволни пензиски фондови, со права и обврски утврдени со Законот за трговски друштва, законите кои го уредуваат системот на пензиско осигурување и овој Статут (во понатамошен текст: Статутот на Друштвото).

Член 2

Друштвото е основано на неопределено време и може да престане со работа само под услови и на начин утврдени со закон и овој статут.

Член 3

Статутот на Друштвото ги уредува и ги утврдува условите и правата на работење на Друштвото:

1. Општи одредби;
2. Фирма и седиште на Друштвото;
3. Заштитен знак, печат и штембил:
4. Предмет на работење на Друштвото;
5. Основна главнина и акции:
6. Права и одговорности на акционерите и пренос на акции;
7. Органи на Друштвото;
8. Основни принципи во инвестирањето на средствата на пензиските фондови;
9. Надоместоци и провизии на Друштвото;
10. Годишна сметка и финансиски извештаи;
11. Финансиски резултат и распоредување на добивката;
12. Објавување на податоци и информирање на членовите и пензионираните членови на пензиските фондови;
13. Информирање на акционерите;
14. Внатрешна ревизија;
15. Деловна тајна;
16. Времетраење и престанок на Друштвото;
17. Други акти на Друштвото;

18. Преодни и завршни одредби.

Другите прашања што се од значење за Друштвото, а не се уредени со овој статут, можат да се уредат, во согласност со позитивната законска регулатива и овој статут, со други акти на Друштвото.

Член 4

Во правниот промет со трети лица, Друштвото како правно лице може да стекнува права и да презема обврски, да стекнува сопственост и други стварни права, да склучува договори и други правни работи, да тужи и да биде тужено пред суд, арбитража или друг избран суд и да учествува во други постапки.

Друштвото во правниот промет истапува во свое име и за своја сметка и во име и за сметка на пензиските фондови со кои управува.

Друштвото за обврските сторени во правниот промет одговара со целокупниот свој имот. Акционерите на Друштвото одговараат до висина на вложените средства во согласност со закон.

Член 5

Супервизија над работењето на Друштвото врши Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: „Агенцијата").

## 2. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

Член 6

Друштвото работи и учествува во правниот промет под фирмата: Друштво за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ.

Скратениот назив на фирмата гласи: ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ.

Во правниот промет со странство и за маркетиншки цели Друштвото ќе настапува под фирма испишана со латинично писмо со следниот назив: WVP PENZISKO AD SKOPJE

Член 7

Седиштето на Друштвото е на ул.бул. Кочо Рацин бр.3 влез 2 кат 3 и кат 4, Скопје, Центар.

Член 8

Друштвото се смета за основано по упишувањето во Централниот регистар.

Друштвото може да изврши промена на фирмата и седиштето.

Фирмата на Друштвото може да се промени со одлука на Собранието на Друштвото.

Седиштето на Друштвото може да се промени само со одлука на Управниот одбор на Друштвото.

Промената на фирмата и седиштето на Друштвото се запишува во трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## 3. ЗАШТИТЕН ЗНАК, ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ

### Член 9

Друштвото има заштитен знак (логотип) кој го симболизира членството на Групацијата ВФП.

Заштитниот знак (логотип) се уредува со одлука која ја донесува Надзорниот одбор.

Фирмата (името) на Друштвото и заштитниот знак, односно логотипот можат да се употребуваат одделно.

За промена на заштитниот знак одлучува Надзорниот одбор на Друштвото.

### Член 10

Друштвото има свој печат и штембил.

Големината на печатот и штембилот, нивната содржина, нивниот број и начинот на употреба, чување, евиденција и нивно уништување се уредуваат со акт кој го донесува Управниот одбор на Друштвото.

### Член 11

Друштвото во секојдневната комуникација, во писмена форма, по електронски пат или на друг начин, ги користи и ги прави достапни следниве податоци: фирмата, седиштето, матичниот број запишан во трговскиот регистар, телефон, факс и електронска адреса, како и податокот дека Друштвото својата дејност ја врши врз основа на дозвола од Агенцијата.

## 4. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

### Член 12

Предмет на работење на Друштвото е основање и управување со отворени доброволни пензиски фондови и нивно претставување пред трети лица, како и други дејности поврзани со управување со пензиските фондови.

Друштвото ги врши следните дејности:
66.30 Дејности на управување со фондови

Друштвото во надворешниот трговски промет, во име и за сметка на пензиските фондови со кои управува, под услови утврдени со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошен текст: „ЗДКФПО“) и другите прописи, врши тргување со финансиски инструменти.

### Член 13

Друштвото ја извршува својата дејност во седиштето на Друштвото.

Друштвото може да има организациски единици, подружници - експозитури, застапништва кои во правниот промет работат во име и за сметка на Друштвото и немаат својство на правно лице.

Одлука за организирање на подружница - експозитура, односно пониски облици (застапништво) донесува Управниот одбор на Друштвото.

## 5. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И АКЦИИ

Износ на основната главнина

Член 14

Основната главнина на Друштвото се изразува во евра.

Висината на основната главнина на Друштвото изнесува 890.000 Евра (со букви: осумстотини и деведесет илјади евра) во денарска противвредност.

Член 15

Основната главнина на Друштвото се уплатува само во парични средства и во целост пред уписот на Друштвото во Централниот регистар.

Основната главнина на Друштвото се уплатува на сметка отворена во банка во Република Северна Македонија.

Основната главнина на Друштвото не смее да потекнува од заеми и кредити, а мора да потекнува од законски извори и да биде оданочена.

Број и номинален износ на акциите

Член 16

Основната главнина е поделена на 890.000 обични акции, со номинален износ од 1 евро во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија.

Во моментот на основање Друштвото има еден акционер и тоа: ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје со ЕМБС 6983120 со 890.000 обични акции, што претставува 100% од основната главнина.

Род на акциите

Член 17

Акциите на Друштвото се обични акции и гласат на име.
Секоја акција на имателот му обезбедува право на еден глас.
Акциите се издадени во нематеријализиран облик.

Зголемување на основна главнина

Член 18

Одлука за зголемување на основната главнина донесува Собранието на Друштвото, а задолжително зголемување на основната главнина се врши во случаите и соодветно на утврдените услови во согласност со важечките прописи.

Одлуката за зголемување на основната главнина се донесува согласно Законот за трговски друштва.
Зголемувањето на основната главнина не може да се врши преку јавна емисија на акции.

Намалување на основна главнина

Член 19

Намалувањето на основната главнина се врши со одлука на Собранието на Друштвото, при што со истата не може да се врши намалување на основната главнина под минимумот на основната главнина определен со ЗДКФПО. Одлуката за намалување на основната главнина се донесува согласно Законот за трговски друштва.

Член 20

Кога средствата на доброволниот пензиски фонд со кој управува друштвото за управување со доброволни пензиски фондови ќе надминат 50.000.000 евра и во секој иден случај кога средствата на доброволниот пензиски фонд ќе се зголемат за дополнителни 50.000.000 евра, Друштвото е должно во рок од 45 работни дена да ја зголеми својата главнина најмалку за износите определени со одредбите од ЗДКФПО.

Друштвото е должно во секое време да го одржува износот на главнината, но не помалку од една половина од пропишаниот износ на основната главнина согласно ЗДКФПО.

Доколку дојде до зголемување на главнината согласно став 1 на овој член, Друштвото е должно во секое време да го одржува зголемениот износ на главнината.

Друштвото е должно во секое време да одржува сопствени средства во износ не помал од една половина од пропишаниот износ на основната главнина согласно ЗДКФПО.

Доколку дојде до зголемување на главнината согласно став 1 на овој член, Друштвото е должно во секое време да одржува сопствени средства во износ не помал од една половина од износот на главнината.

Сопствените средства на Друштвото од ставовите 4 и 5 на овој член се состојат од основната главнина, резервите и други ставки, пресметани според методологија која ја пропишува Агенцијата.

Друштвото е должно во секое време да одржува износ на ликвидни средства како процент од пропишаниот износ на основната главнина согласно ЗДКФПО, односно главнината од став 1 на овој член.

Минималниот процент на ликвидните средства од став 7 на овој член го пропишува Агенцијата.

## 6. ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА АКЦИОНЕРИТЕ И ПРЕНОС НА АКЦИИ

Член 21

Преносот на акциите и стекнувањето на својство на акционер во Друштвото, подлежи на претходна согласност од Агенцијата и се врши во согласност со ЗДКФПО.

За пренос на акциите одлучува Собранието на Друштвото.

Акционерска книга

Член 22

Акциите се запишуваат во акционерска книга на Друштвото којашто се води во Централниот депозитар за хартии од вредност (во понатамошен текст: Централен депозитар) во електронска форма.

Во акционерската книга покрај податоците определени со закон се запишуваат и податоците определени во одлуката за издавање на акциите и сите оптоварувања на акциите определени со закон.

Член 23

Основачите како акционери на Друштвото согласно со нивното учество во основната главнина и врз бројот на обичните акции имаат еднакви права во Друштвото.

Обичните акции на Друштвото, на имателот му ги даваат следните права:

- Право на глас во Собранието на Друштвото;
- Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

Се оневозможува секакво давање на одделни поволности и права на одделни акционери, или ограничување на одделни права и наметнување на дополнителни обврски.

Член 24

Акционерите одговараат на Друштвото ако:

- Го злоупотребат Друштвото како правно лице за да постигнат цели коишто се забранети;
- Го злоупотребат Друштвото за да им нанесат штета на неговите доверители;
- Спротивно на ЗДКФПО јавно ги објавуваат или презентираат податоците до кои дошле остварувајќи го правото на информирање;
- Спротивно на ЗДКФПО располагаат со имотот на Друштвото.

Член 25

Акционерите на Друштвото не одговараат за обврските на Друштвото, освен во случаите изречно определени со Законот за трговски друштва, ЗДКФПО и Статутот на Друштвото.

Правните односи помеѓу акционерите и Друштвото се регулираат според Законот за трговски друштва.

## 7. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

Член 26

Управувањето и раководењето со Друштвото е организирано според двостепен систем на управување, согласно со Законот за трговски друштва и ЗДКФПО.

Органи на Друштвото се: Управен одбор, Надзорен одбор и Собрание на акционери.

За членови на првиот Надзорен одбор на Друштвото се назначуваат:

- Г- дин Руперт Штробл, претседател на Надзорен одбор
- Г-дин Петар Андреевски, член на Надзорен одбор
- Г-дин Владимир Деспотовски, член на Надзорен одбор и
- Г-ѓа Анета Гацовска-Барандовска, Независен член на Надзорен одбор

За членови на првиот Управен одбор на Друштвото се назначуваат

- Г-дин Марио Ѓорѓиев, Претседател на Управен одбор
- Г-дин Артон Лена, Член на Управен одбор

Првите членови на надзорниот одбор се назначуваат најдолго до времето на одржување на првото годишно Собрание на акционери.

Управен одбор

Член 27

Управниот одбор, управува со Друштвото и пензиските фондови, го води работењето на Друштвото и пензиските фондови под сопствена одговорност. Управниот одбор има најшироки овластувања во вршењето на сите работи поврзани со водењето на работите, тековните активности и да дејствува во сите околности од име на Друштвото и пензиските фондови во рамките на предметот на работењето, освен оние за кои е потребна согласност од Надзорен одбор.

Член 28

Членовите на Управниот одбор ги избира и разрешува Надзорниот одбор. Именувањето на членовите на Управниот одбор подлежи на одобрение од страна на Агенцијата.

За членови на Управен одбор може да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни и ги исполнуваат законските услови.

Управниот одбор има 2 члена, од кои еден е Претседател.

Член 29

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 5 години.

Мандатот ќе се смета од денот на даденото одобрение од страна на Агенцијата. Доколку во одлуката за избор е утврден датум на започнување на мандатот, кој следи по даденото одобрение од страна на Агенцијата, мандатот ќе се смета од датумот утврден со одлуката.

Членовите на Управниот одбор можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани.

Претседателот на Управниот одбор се именува со одлука за избор на Управниот одбор.

Доколку Претседателот од било која причина не е во можност да ја врши функцијата со седниците на Управниот одбор претседава член на Управниот одбор именуван од Надзорниот одбор.

Во случај на оставка на одделен член на Управниот одбор или предвремено престанување на мандатот на одделен член, траењето на мандатот на новиот член се определува најмногу за времетраењето на мандатот на членот чија замена претставува.

Член 30

Членовите на Управниот одбор имаат исти права и обврски без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во органот.

Членовите на Управниот одбор ги водат и ги вршат заедно работите потребни за ефикасно управување со Друштвото и пензиските фондови.

Членовите на Управниот одбор, можат одредени овластувања што произлегуваат од правата на застапување и претставување на Друштвото, да ги пренесат со специјално полномошно на лица со посебни права и одговорности или на други стручни соработници на Друштвото, со посебна одлука и да ги овластуваат за склучување на договори и потпишување на поедини акти на Друштвото.

Лицата овластени од претходниот став на овој член, дадените овластувања не можат да ги пренесуваат на други работници.

Застапување на друштвото

Член 31

Членовите на Управниот одбор со именување од страна на Надзорниот одбор се овластени да го застапуваат Друштвото, колективно, така што сите договори и останати акти во кои настапуваат во име на Друштвото, ги потпишуваат двајцата членови на Управниот одбор.

Членовите на Управниот одбор ги застапуваат Друштвото и пензиските фондови согласно Одлуката на Надзорниот одбор за нивно именување.

Членовите на Управниот одбор засноваат работен однос кај Друштвото.

Надлежности и обврски на Управниот одбор

Член 32

Управниот одбор ги има следните овластувања и надлежности:

1. управува со Друштвото и пензиските фондови;
2. го застапува Друштвото и пензиските фондови пред трети лица;
3. ги свикува седниците на Собранието на Друштвото;
4. ги подготвува предлозите, актите и ги извршува одлуките што ги донесуваат Собранието и Надзорниот одбор и се грижи за нивното спроведување;
5. му поднесува на Надзорниот одбор и Собранието годишен извештај за своето работење;
6. го известува Надзорниот одбор за записниците, извештаите и решенијата од контролите на Агенцијата, на екстерната ревизија и на другите овластени државни органи за надзор;
7. должен е веднаш да го извести Надзорниот одбор за
   - влошена ликвидност или солвентност;
   - капитална несоодветност;
   - постоење основи за укинување на дозволата за основање и работење на Друштвото или забрана за спроведување на одредени активности.
8. му ги предлага на Надзорниот одбор Статутите на пензиските фондови и нивните измени и дополнувања;
9. му поднесува на Надзорниот одбор нацрт на годишна сметка, нацрт на финансиски извештаи и нацрт на годишниот извештај за работа на Друштвото и пензиските фондови по истекот на деловната година;
10. му предлага на Надзорниот одбор усвојување на нацрт - Финансиски и деловен план;
11. му поднесува на Надзорниот одбор пишан извештај за работењето на Друштвото и пензиските фондови најмалку еднаш на три месеци и за спроведувањето на Финансискиот и деловен план;
12. го обезбедува непреченото функционирање на системот на внатрешна ревизија во сите области на работењето на Друштвото и пензиските фондови;
13. ги донесува општите интерни акти (Колективен договор, правилници, одлуки и др.) на Друштвото и пензиските фондови и Деловник за работа на Управниот одбор;
14. ги именува лицата со посебни овластувања и одговорности (раководни лица) и одлучува за нивната одговорност, според утврдената внатрешна организација;
15. назначува други раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на Друштвото во согласност со одлуките, насоките и неговите налози;
16. го обезбедува водењето на трговските книги и другата сметководствена документација;
17. одлучува за економски, технолошки и организациони потреби, за вишок на работниците и по други прашања во врска со работниот однос на работниците согласно законот, колективниот договор и други акти на Друштвото;
18. непосредно изрекува мерки на работниците за кршење на работниот ред и непочитување на работната дисциплина;
19. одлучува за реализирање на зделка којашто се однесува на имот чијашто вредност е проценета најмногу до 20% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, но не повеќе од 30.000,00 евра.

20. одлучува за намалувањето и зголемувањето на надоместокот од уплатени придонеси на членовите на пензискиот фонд - влезна провизија, и за управувачка провизија и за надоместокот за пренос на средствата на индивидуалната сметка на член на еден пензиски фонд во друг пензиски фонд;
21. веднаш по добивањето на извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на Друштвото му ги доставува на Надзорниот одбор. Истовремено на Надзорниот одбор му се доставува и предлог на одлука за распределба на остварената добивка, која ќе биде доставена до Собранието;
22. одлучува за отпис на достасани и ненаплатени побарувања на Друштвото во висина на износ до 4.999 евра;
23. одлучува по други прашања и врши други работи кои не се во надлежност на Собранието и Надзорниот одбор на Друштвото;
24. врши други работи согласно закон и овој статут на Друштвото, како и работи во врска со тековното водење и тековните работи на Друштвото.

Член 33

За прашања од својата надлежност, Управниот одбор донесува акти во вид на одлуки, правилници, деловници, процедури, методологии, упатства, наредби и заклучоци.

Член 34

Управниот одбор е должен да добие претходно одобрение од Надзорниот одбор за следните прашања:

- вложување во основни средства кои ги преминуваат износите кои ги одредува Надзорниот одбор;
- намалување или проширување на предметот на работење на Друштвото;
- суштествени внатрешни организациони промени на Друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;
- затворање (престанување) или пренос на Друштвото или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото;
- воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или нејзино прекинување;
- отпис на достасани и ненаплатени побарувања на Друштвото во висина на износ над 5.000 евра;
- други прашања од надлежност на Надзорниот одбор.

Кворум и мнозинство на одлучување

Член 35

Управниот одбор може да работи и да одлучува ако на седница се присутни двајцата негови членови.

Управниот одбор ги донесува одлуките по правило едногласно.

Во случај на поделба на гласовите одлучувачки е гласот на Претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство на членот на Управниот одбор овластен да го заменува.

Забрана за конкуренција

Член 36

Членовите на Управниот одбор без одобрение на Надзорниот одбор не смеат:

- да вршат друга дејност или активност, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице;
- да биде член на орган на управување или член на надзорен одбор, односно контролор во друго друштво;
- во просториите на Друштвото да врши работи за своја или за туѓа сметка.

Пред изборот на физичкото лице за член на Управен одбор, кандидатот во писмена форма го известува Надзорниот одбор за сите свои дејности и активности во друго друштво, платени или неплатени, кои ги врши за сопствена сметка или за сметка на кое било друго лице.

Собранието на Друштвото мора да биде известено на првата седница за даденото одобрение од став 1 на овој член.

Ако членот на Управниот одбор постапи спротивно на забраните содржани во став 1 од овој член, односно премолчи релевантен факт во известувањето од став 2 на овој член, Друштвото може:

- да бара надомест на штета или
- да бара на друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде korиста што потекнува од правната работа склучена за своја или за туѓа сметка.

Член 37

При водењето на работите на Друштвото, Управниот одбор е обврзан да обезбеди:

- Друштвото да работи во согласност со прописите од областа на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување и другите прописи кои ги уредуваат прашањата поврзани со работењето на Друштвото;
- Внатрешна контрола со што би се обезбедило делување и работење во рамките на прописите од областа доброволното капитално финансирано пензиско осигурување;
- Друштвото ажурно да ги води книгите и другата документација поврзана со работењето на Друштвото и пензиските фондови и редовно да ги доставува информациите и извештаите до Агенцијата и членовите на пензиските фондови во согласност со Закон;
- Одговорно вршење на дејноста на управување со пензиските фондови во согласност со ЗДКФПО, инвестиционите стратегии за управување со пензиските фондови, Законот за инвестициски фондови и Статутите на пензиските фондови;
- Друштвото да води целосна, точна и ажурна евиденција за индивидуалните сметки, потсметки и професионални сметки на секој член на пензискиот фонд и пензиониран член, за уплатените придонеси и пренесените средства за членот, бројот на сметководствени единици и нивна вредност, како и други податоци утврдени со Закон;

- Архивирање и чување, согласно закон, на сите документи и друга евиденција на Друштвото и во врска со пензиските фондови со кои управува.

Деловник за работа

Член 38

Управниот одбор одлучува на начин определен со закон, Статутот на Друштвото и Деловникот за работење на Управниот одбор.

Деловникот го донесуваат членовите на Управниот одбор.

Права и обврски на членовите на Управниот одбор

Член 39

Правата и обврските на членовите на Управниот одбор, покрај утврдените со закон и Статутот на Друштвото се уредуваат и со Договор за уредување на односите помеѓу Друштвото и член на Управниот одбор (менаџерски договор). Овој договор го склучува Надзорниот одбор, а во име на Друштвото го потпишува претседателот на Надзорниот одбор.

Право на надоместок и други права на членовите на Управниот одбор

Членовите на Управниот одбор имаат право на плата, односно месечен надоместок, право на осигурување на живот и надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци) како и други права утврдени со закон. Доколку Друштвото оствари добивка, Годишното собрание со одлука може на членовите на Управен одбор да им одобри учество во добивката.

Член 40

Отповикување на членовите на Управниот одбор

Член 41

Надзорниот одбор може во кое било време, со или без образложение, да ги отповикува сите членови на Управниот одбор, односно негов член. Надзорниот одбор на истата седница избира нови членови на Управниот одбор, на местото на отповиканиот член. Одлуката за отповикување влегува во сила од денот на донесувањето.

Доколку бројот на членовите на Управниот одбор се намали под законскиот минимум определен со ЗДКФПО, Надзорниот одбор ќе постапи согласно член 59 од овој статут.

Одговорност за штета

Член 42

Ако членовите на Управен одбор ги повредат своите обврски, му одговараат на Друштвото за причинетата штета како солидарни должници ако не работеле и постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

Комисии формирани од Управниот одбор

Член 43

Управниот одбор може да формира одбори и комисии од редот на своите членови и други лица кои ќе му помагаат во работењето.
Одборот и комисиите не можат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на Управниот одбор, ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски.

Б. Надзорен одбор

Член 44

Надзорниот одбор го избира Собранието на Друштвото.

Именувањето на членовите на Надзорниот одбор подлежи на одобрение од страна на Агенцијата.

Надзорниот одбор има 4 члена.

При изборот на членовите на Надзорниот одбор се назначува кои членови се избираат како независни членови на Надзорниот одбор.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 5 години.

Мандатот почнува да тече од денот на даденото одобрение од страна на Агенцијата. Доколку во одлуката за избор е утврден датум на започнување на мандатот, кој следи по даденото одобрение од страна на Агенцијата, мандатот ќе се смета од датумот утврден со одлуката.

Членовите на Надзорниот одбор можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани. Во случај независниот член на Надзорниот одбор да биде повторно избран го губи својството на независен.

Во случај на оставка на одделен член на Надзорниот одбор или предвремено престанување на мандатот на одделен член, траењето на мандатот на новиот член се определува најмногу за времетраењето на мандатот на членот чија замена преставува.

Член 45

Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на Собранието со Законот за трговски друштва, на начин и според условите определени со овој статут.

Пред да се пристапи кон избор на Надзорниот одбор, за секој кандидат, во писмена форма, се објавуваат податоци за возраста, полот, образованието, и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно надзорен одбор и другите функции кои ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во Друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема Друштвото.

За членови на Надзорен одбор може да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни и ги исполнуваат законските услови.

Член 46

Надзорниот одбор, од редот на своите членови, со мнозинство од вкупниот број на членови, избира претседател на Надзорниот одбор. Надзорниот одбор може да го разреши претседателот во кое било време и да избере нов претседател.

Претседателот ги свикува седниците и претседава со нив, одговорен е за водењето на евиденцијата за состаноците и организирањето на другите форми на работа и одлучување на надзорниот одбор.

Во случај претседателот на Надзорниот одбор да не е во можност да ја врши функцијата или поради негово отсуство, со седниците на Надзорниот одбор претседава член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на Надзорниот одбор.

Надлежности на Надзорниот одбор

Член 47

Надзорниот одбор ги има следните овластувања и надлежности:

1. врши надзор врз работата на Управниот одбор;
2. ги застапува Друштвото и пензиските фондови спрема членовите на Управниот одбор;
3. ги избира и отповикува членовите на Управен одбор;
4. дава одобрение на Управниот одбор за одредени работи утврдени во Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва;
5. ги разгледува записниците, решенијата, извештаите од контролите на Агенцијата, извештаите на екстерниот ревизор и други овластени државни органи за надзор;
6. ги одобрува и го следи извршувањето на предложените и преземените мерки за надминување на неусогласености и неправилности во работењето на Друштвото и пензиските фондови, а предлага и свои мерки;
7. врши увид и проверка на книгите и документите на Друштвото и фондовите, како и имотот, особено благајната на Друштвото и хартиите од вредност и стока;
8. му поднесува на Собранието Годишен извештај за своето работење;
9. ги верифицира материјалите за Собрание на акционери, кои ги припрема Управниот одбор;
10. ги донесува Статутите на пензиските фондови и нивните измени и дополнувања;
11. донесува Деловник за работа на Надзорниот одбор;
12. го донесува Финансискиот и деловен план на Друштвото;
13. ги разгледува кварталните извештаи за работење на Друштвото и пензиските фондови и спроведувањето на Финансискиот и деловен план;
14. го избира и отповикува Раководно лице на Секторот за внатрешна ревизија;
15. ги усвојува интерните акти за работењето на Секторот за внатрешна ревизија;
16. ги донесува Стратегијата за инвестирање и политиките за инвестирање;
17. го усвојува Годишниот извештај за работа и другите извештаи на Секторот за внатрешна ревизија, го следи извршувањето на препораките од страна на Управниот одбор и презема мерки во случај на неизвршување;
18. го доставува усвоениот Годишен извештај за работа на Секторот за внатрешна ревизија до Собранието на Друштвото и истовремено до Агенцијата;

19. ги проверува годишните сметки и финансиските извештаи и предлогот на одлуката за распределба на добивката;
20. одлучува за доделување на награди на членовите на Управниот одбор;
21. го утврдува и склучува Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и член на Управниот одбор
22. му предлага на Собранието статусни промени на Друштвото;
23. дава предлог на Собранието за пренос на акции, под услов преносот да не се врши на Друштво кое управува со пензиски фонд или на поврзани правни лица со друштво кое управува со пензиски фонд;
24. донесува одлука за одобрување на секоја зделка во износ над 30.000,00 евра, како и на секоја голема зделка којашто се однесува на имот чијашто вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, а се донесува во согласност на сите членови на Надзорниот одбор;
25. донесува Одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна, со мнозинство гласови од членовите на Надзорниот одбор кои немаат интерес во зделката.

На Надзорниот одбор не можат да му бидат пренесени овластувања во врска со управувањето на Друштвото, освен ако со закон поинаку не е определено.

Комисии формирани од Надзорниот одбор

Член 48

Надзорниот одбор може да формира комисии од редот на своите членови и други лица какопомошни тела.

Комисиите не можат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на Надзорниот одбор, ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски.

Обврска за одржување на состанок

Член 49

Надзорниот одбор, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеца, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржување на Годишното собрание.

Покрај обврската за одржување состаноци, определена во ставот 1 од овој член, Надзорниот одбор може да одржува и други состаноци што ги свикува претседателот на Надзорниот одбор, или што се свикани по писмено барање на некој од членовите на одборот, овластениот ревизор или акционерите кои претставуваат најмалку една десетина од акциите со право на глас или друго лице определено со Статутот на Друштвото. Барањето се доставува до претседателот на Надзорниот одбор.

Ако претседателот не го свика состанокот по поднесеното писмено барање во рокот од став 1 на овој член, членовите на Надзорниот одбор можат да свикаат состанок на начин определен во Деловникот за работење на Надзорниот одбор.

Член 50

Надзорниот одбор го донесува Деловникот за работа на Надзорниот одбор со кој поблиску се уредува начинот на работењето на Надзорниот одбор.

Кворум за работа и одлучување

Член 51

Надзорниот одбор може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од негови членови.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Надзорниот одбор.

Во случај на поделба на гласовите одлучувачки е гласот на претседателот на Надзорниот одбор.

Отповикување на членовите на Надзорен одбор

Член 52

Собранието може да ги отповика сите членови на Надзорниот одбор, и пред истекот на времето за коешто биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на собранието.

Ако Собранието донело одлука за отповикување на сите членови на Надзорниот одбор, на истата седница се пристапува кон избор на нови членови на Надзорниот одбор ако Собранието одлучи така и ако на Собранието, во писмена форма, им се достават податоците за кандидатите коишто треба да бидат избрани.

Одлуката на Собранието за отповикување на Надзорниот одбор, односно на негов член влегува во сила од денот на донесувањето.

Право на надоместок и други права на членовите на Надзорниот одбор

Член 53

На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа паушал по состанок право на осигурување на живот и надоместок на сите други трошоци (патни и други трошоци) и на друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

В. Заеднички одредби на органите на управување

Член 54

Членовите на Управен одбор, односно Надзорен одбор можат да учествуваат и да одлучуваат на состанок кој е организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, при што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок да можат да се слушаат или да се гледаат и да разговараат еден со друг.

Како учесници кои се присутни на ваквите состаноци се сметаат лицата кои се вклучени на овој начин. Учество на состанокот се запишува во записник кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот, организиран на ваков начин.

Член 55

Акционерите на Друштвото, Управниот одбор, односно Надзорниот одбор, може да одлучува и без одржување на состанок - кореспондентска седница ако сите членови на Собранието, Управниот одбор, односно Надзорниот одбор, дадат согласност за одлуката која се донесува без одржување на состанок. За сите одлуки донесени на овој начин, претседавачот на Собранието, т.е. претседателот на Управниот одбор, односно Надзорниот одбор, односно лицето кое тој ќе го овласти, подготвува записник во којшто се евидентираат одлуките.

Член 56

Управниот одбор може да одлучува надвор од седниците, секојдневно за прашања кои се во согласност со законските прописи и донесените интерни акти на Друштвото и за кои не е потребно дополнително усно образложение од страна на предлагачот на одлуката.

Престанок на мандатот

Член 57

Ако Годишното собрание не ја одобри работата на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор или работењето на нивниот член, им престанува мандатот на сите членови на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор, односно членот на којшто Годишното собрание не му ја одобрило работата.

Во случајот од став 1 на овој член Годишното собрание пристапува кон избор на сите членови на Надзорниот одбор, односно на Управниот одбор или кон избор на нов член на местото на оној на којшто Собранието не му ја одобрило работата.

По исклучок од став 2 на овој член Собранието може да одлучи членовите на Надзорниот одбор, односно на Управниот одбор на кои не им ја одобрило работата, да продолжат да ги вршат неодложните работи во Друштвото до изборот на полниот состав на овие органи. Изборот на членовите на Надзорниот одбор се врши на продолжена седница што се одржува во рок не пократок од осум дена и не подолг од 15 дена од денот на објавувањето на датумот на којшто ќе продолжи седницата на Годишното собрание. Денот на одржувањето на продолжената седница се објавува во дневен весник.

Одлуката на Собранието за отповикување на Надзорниот одбор, односно на негов член влегува во сила од денот на донесувањето.

Оставка

Член 58

Член на Управен одбор, односно на Надзорен одбор може да поднесе оставка во кое било време со поднесување на писмено известување до органот што го избрал, освен кога интересите на Друштвото не наложуваат нешто друго. Потписот на членот на известувањето за оставката мора да биде заверен на нотар.

По поднесената оставка не се одлучува за нејзино прифаќање.

Надзорниот одбор може да го обврзе членот да ја извршува својата функција се до изборот на нов член, но не подолго од 60 дена.

Непотполн состав

Член 59

Ако еден или повеќе членови на Управен одбор, односно Надзорен одбор, престанат да ги вршат своите функции во текот на мандатот или ако се спречени да ги вршат, другите членови на Управен одбор, односно на Надзорен одбор продолжуваат со работа до пополнувањето на испразнетото место на наредното собрание.

Кога бројот на членовите на Управниот одбор се намали под законскиот минимум, согласно ЗДКФПО, Надзорниот одбор е должен од своите редови да именува вршител на должност член на Управен одбор. Надзорниот одбор врши именување на вршител на должност член на Управен одбор во рок од еден работен ден, а во исклучителни случаи во рок од три работни дена, сметано од наредниот ден од денот на намалување на бројот на членовите на Управниот одбор под законскиот минимум. Членот на Надзорен одбор кој е именуван за вршител на должност во периодот на извршување на оваа должност, не смее да учествува во донесување на одлуките што се во надлежност на Надзорниот одбор. Вршителот на должност е предмет на упис во трговскиот регистар.

Надзорниот одбор исто така мора да именува нов член на Управен одбор за чиешто именување ќе се спроведе постапка за добивање на одобрение од страна на Агенцијата.

Ако бројот на членовите на Надзорниот одбор се намали под бројот определен со Статутот на Друштвото, Надзорниот одбор може да го пополни неговиот состав со избор на вршител на должноста на член на Надзорен одбор до наредното Собрание.

Надзорниот одбор мора во рок од три дена да свика Собрание за пополнување на составот на Надзорниот одбор, во случај ако бројот на членовите се намали под бројот определен со закон. Ако Собранието не биде свикано во овој рок, собранието го свикува Управниот одбор во рок од 3 (три) дена по истекот на претходниот рок.

Донесените одлуки и преземените правни работи и дејствија од страна на Надзорниот одбор, во случаите наведени во став 2 и 3 од овој член остануваат полноважни.

Судир на интереси

Член 60

За секој договор или друга деловна активност на Друштвото во којашто Друштвото е странка и во којашто член на Управниот одбор, односно член на Надзорниот одбор има интерес, дури и на посреден начин е должен веднаш да го пријави тоа.

Заинтересираниот член има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со договорот или со друга правна работа.

Ако Надзорниот одбор, односно Собранието не даде одобрение или ако со одлуката со којашто е дадено одобрението е незаконита, не можат да се истакнуваат барања спрема трети лица, освен ако Друштвото докаже дека третото лице знаело за непостоењето на одобрението или за незаконитоста на одлуката или, со оглед на сите околности, морало да знае за тоа.

Фидуцијарна должност

Член 61

Членовите на Управен одбор, на Надзорен одбор, раководните лица во Друштвото и органи на Друштвото имаат фидуцијарна должност да делуваат единствено во насока на најдобрите интереси на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови со кои управува Друштвото, која ја спроведуваат со примена на високи стандарди на етика и интегритет и без судир на интереси.

Друштвото обезбедува примена на фидуцијарната должност од страна на секој вработен и ангажирано лице во Друштвото.

Г. Собрание на акционери на Друштвото

Член 62

Акционерите на Друштвото своите права и интересите во Друштвото ги остваруваат на Собранието на акционери на Друштвото (во понатамошен текст: Собранието).

Собранието го сочинуваат сите акционери, лично или преку нивните претставници-полномошници.

Секој акционер може да именува лице кое ќе го застапува на Собранието, со писмено полномошно заверено на нотар.

Надлежност на Собранието на акционери на Друштвото

Член 63

Собранието ги врши следниве работи:

1. Го усвојува Статутот на Друштвото и неговите измени и дополнувања;
2. Ги усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото;
3. Одлучува за распределба на добивката;
4. Одлучува за покривање на загубата;
5. Ги избира и отповикува членовите на Надзорниот одбор;
6. Ја одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор и на Управниот одбор;
7. Донесува одлуки за зголемување и намалување на основната главнина;
8. Назначува овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи;
9. Го усвојува ревизорскиот извештај од овластен ревизор;
10. Го разгледува Годишниот извештај за работа на Секторот за внатрешна ревизија;
11. Одлучува за промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
12. Донесува одлука за престанување на Друштвото;
13. Донесува одлука за пренос на акциите на Друштвото;
14. Донесува Одлука за одобрување голема зделка, чијшто предмет е имот чијашто вредност е проценета над 50% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото и се донесува со мнозинство гласови, кое што не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени во Собранието;
15. Ја одобрува зделката со заинтересирана страна во која сите членови на Надзорниот одбор се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на Надзорниот одбор кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум на седницата.

Начин на работа и свикување на Собранието на акционери на друштвото

Член 64

Собранието работи на седници кои се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Член 65

Собранието го свикува Управниот одбор, односно Надзорниот одбор кога тоа е предвидено со закон, по сопствена иницијатива или на барање на акционер во согласност со закон.

Акционерите кои имаат заедно најмалку 1/10 од сите акции со право на глас можат по писмен пат да бараат од Управниот одбор да свика Собрание. Во писменото барање треба да биде наведена причината за свикување на Собранието и предметот за кој Собранието ќе одлучува. Управниот одбор на Друштвото во рок од осум дена од приемот на барањето на акционерите за свикување на Собрание донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето.

Член 66

Собранието се свикува со праќање на покана до акционерите запишани во акционерската книга на Друштвото којашто се води во Централниот депозитар за хартии од вредност, на начин кој овозможува да се потврди дека поканата е испратена до секој акционер, со датум кога е испратена и примена.

Собранието може да биде свикано и со објавување на повик до акционерите, објавен во најмалку еден дневен весник.

Поканата за седница на Собранието ги содржи елементите утврдени во Законот за трговски друштва.

Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, којшто не е постар од три дена до денот на испраќањето на поканата.

Рокот кој тече од денот на објавувањето на повикот, односно денот на испраќање на поканата за седница, не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на седница на Собранието.

Член 67

Материјалите за седницата на Собранието мораат да бидат достапни до акционерите од денот на испраќањето на поканата, односно на објавувањето на јавниот повик.

Член 68

Седниците на Собранието се одржуваат по правило во седиштето на Друштвото, со можност истото да може да се одржи и надвор од седиштето на Друштвото, доколку тоа е определено во поканата за свикување на седницата.

Член 69

Дневниот ред на Собранието го утврдува Управниот одбор на Друштвото.

Секој акционер има право во било кое време да поднесува иницијатива за вклучување на точки на дневен ред на собрание коешто ќе биде свикано, во согласност со закон.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до Управниот одбор на друштвото, односно до свикувачот на собранието назначен од судот во согласност со овој закон во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието на друштвото.

Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на свикано собрание, органот што го свикал собранието, односно лицето определено од судот да свика собрание, го испраќа до сите акционери, односно го објавува на ист начин на којшто ги испратил поканите, односно на којшто го објавил јавниот повик за учество на свиканото собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување

Член 70

На Собранието може да се одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред на седницата.
Собранието може да расправа, без право на одлучување и за прашања кои не се уредно ставени на дневен ред на Собранието.

Пријавување на учество на Собранието на акционери на друштвото

Член 71

Секој акционер своето учество на Собранието го пријавува најдоцна пред почетокот на седницата на закажаната собрание.

Списокот на пријавените акционери се става на увид во седиштето на Друштвото.

Кворум за работа и мнозинство за одлучување

Член 72

Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас. Доколку на закажаната седница на Собранието на акционери не се обезбеди кворум за работа од став 1 на овој член, за време што не е подолго од 15 дена, од денот на неодржаното Собрание, се презакажува нов термин за одржување на Собранието. Презакажаното Собрание се објавува на ист начин како што е објавено Собранието кое немало кворум за работа. На презакажаното Собрание се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред од првото свикување на Собранието без оглед на присутните акционери и бројот на акциите кои што ги имаат.

Член 73

Со седниците на Собранието на Друштвото претседава претседавач.

За претседавач може да биде избран секој акционер или лице кое го застапува акционерот. Претседавачот на Собранието се избира за секое одделно Собрание.

Мандатот на претседавачот со Собранието, трае до изборот на претседавачот на наредното собрание кое што треба да биде одржано.

Член 74

Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието, освен ако со закон и Статутот на Друштвото не е определено поголемо мнозинство.

Собранието одлучува со најмалку 2/3 од акциите со право на глас претставени на Собранието за издавање на акции, за зголемување или намалување на основната главнина на Друштвото, статусни измени, за престанок на Друштвото, во случаите наведени во член 63 став 1, алинеја 13 и во други случаи утврдени со закон.

Начин на гласање

Член 75

Собранието одлучува со јавно гласање. За броењето на гласовите Собранието избира најмалку еден бројач на гласови.

По барање на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.

Акционерите можат да гласаат на Собранието преку телефон или преку друго соодветно електронско средство, коешто е дел од јавната комуникациска мрежа и преку коешто може на сигурен начин да се утврди идентитетот на секој акционер, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу Друштвото и акционерите и тоа така што гласањето ќе биде достапно на секој акционер и ќе може со сигурност да се евидентира извршеното гласање.

Член 76

Одлуките донесени на Собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврдено поинаку.

Записник за седницата на Собранието

Член 77

За работата на Собранието се води записник кој треба да ги содржи податоците утврдени со закон и да се подготви најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на Собранието. Записникот го потпишуваат записничарот и претседавачот на Собранието, а го заверуваат заверувачи на записникот, избрани од страна на Собранието.

Во случаите утврдени во закон, кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна три дена од денот на одржување на Собранието и него го потпишува нотарот и претседавачот на Собранието.

Член 78

Со Деловникот за работа на Собранието, поблиску се уредува начинот на работењето и гласањето на Собранието.

8. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ВО ИНВЕСТИРАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ

Член 79

Средствата на пензиските фондви се инвестираат согласно одредбите на ЗДКФПО и инвестиционите стратегии, со основна цел остварување на највисок принос, единствено во корист на членовите и пензионираните членови на пензиски фонд, и преку диверзификација и финансиска анализа да се минимизира ризикот од загуби:

- кои настанале поради неплаќање на издавачот или другата договорна страна;
- кои произлегуваат од влијанието на домашните и странските финансиски пазари;
- во реалната вредност на средствата на пензиските фондови поради инфлација; и
- кои се последица од продажба на средствата на пензиските фондови поради обезбедување на ликвидност на пензиските фондови.

Член 80

Инвестирањето на средствата на пензиските фондови, Друштвото ќе го врши во финансиски иструменти на пазарите на капитал, утврдени со ЗДКФПО и во рамките на пропишаните, односно утврдените износи на средства што можат да бидат вложени во одделни финансиски инструменти (лимитите).

Член 81

Друштвото за состојбата на средствата и нивното инвестирање во согласност со Законот, редовно ги информира и доставува извештаи до Агенцијата и членовите.

Надоместоци и провизии на Друштвото

Член 82

Друштвото може да ги наплатува единствено надоместоците предвидени со ЗДКФПО и на начин утврден со регулативата и тоа надоместок од уплатените придонеси пред нивно претворање во сметководствени единици, месечен надоместок од нето средствата на пензиските фондови за покривање на трошоците на Друштвото за управување со пензиските фондови и надоместок во случај на пренос на средствата поради премин на член од еден во друг доброволен пензиски фонд.

Член 83

Друштвото, трансакциските трошоци во врска со трансакциите на стекнување или пренос на средствата на пензиските фондови, ги плаќа од средствата на пензиските фондови.

Член 84

Другите трошоци во врска со управувањето со пензиските фондови што не се покриени со провизии, надоместоци или давачки утврдени со Законот, се на товар на Друштвото.

9. ГОДИШНА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Член 85

Деловната година на Друштвото е еднаква на календарската година.

По истекот на деловната година Друштвото составува годишна сметка и финансиски извештаи кои ги потпишува сметководителот, односно овластениот сметководител кој ги составил, при што го наведува датумот на нивното составување и потпишување и

регистарскиот број под кој е евидентиран во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (ИСОС).

По потпишување на годишната сметка и финансиските извештаи од страна на лицето од став 1 на овој член, истите ги потпишува Претседателот на Управниот одбор и членот на Управниот одбор.

По истекот на деловната година Друштвото составува годишен извештај за работата кој го потпишуваат двајцата членови на Управниот одбор.

Рокот за изготвувањето на годишна сметка и финансиски извештаи не може да биде подолг од два месеца по истекот на деловната година.

Член 86

Финансиските извештаи не можат да бидат одобрени ако на нив не е извршена ревизија од овластено друштво за ревизија. Овластениот ревизор го избира Собранието.

Членовите на Управниот одбор се должни да му овозможат на овластениот ревизор увид во целокупната документација.

Член 87

Управниот одбор веднаш по добивањето на извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на Друштвото му ги доставува на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор му поднесува на Собранието писмен извештај за резултатите од контролата.

Собранието ги одобрува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година.

## 10. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА

Член 88

Друштвото го утврдува финансискиот резултат од работењето во согласност со закон, подзаконските акти на Агенцијата, меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување.

Член 89

Собранието одлучува за распоредување на добивката и за покривање на загубата.

Во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а во одлуката за покривање на загубата се наведуваат изворите за нејзиното покривање.

Член 90

Задолжителната општа резерва како општ резервен фонд, Друштвото ја формира по пат на зафаќање од нето добивката.

Оваа резерва се пресметува и се издвојува со распоредување на добивка и изнесува 5% од добивката на Друштвото, се додека резервите на Друштвото не достигнат износ којшто е еднаков на една десетина од основната главнина. Ако така создадената резерва се намали, мора да се дополни на ист начин.

Распределба на дивиденда

Член 91

По одобрување на годишната сметка и на финасиските извештаи и утврдување на постоење на добивка за распределба, Собранието го определува делот којшто им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според правата што ги дава родот и класата на акциите.

## 11. ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ И ПЕНЗИОНИРАНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ

Член 92

Друштвото ги информира акционерите, комитентите, членовите и пензионираните членови на пензиските фондови и другите лица, за своето работење, согласно ЗДКФПО.

Со акт на Управниот одбор се определува начинот, формата и содржината на податоците и актите што се објавуваат, а се значајни за акционерите и Друштвото и/или за членовите и пензионираните членови на пензиските фондови.

Член 93

Друштвото секоја година е должно да објави информативен проспект за пензискиот фонд, најдоцна до 31 март, со вистинити и точни податоци, за временскиот период до 31 декември претходната година, со содржина определена со Законот.

Член 94

Друштвото е должно, по барање на членот или пензионираниот член на пензискиот фонд, да му ги достави информативниот проспект, Статутот на доброволниот пензиски фонд и финансиските извештаи на пензискиот фонд.

Друштвото е должно на секое лице кое ќе се пријави за членство во доброволниот пензиски фонд пред потпишувањето на договорот за членство да му овозможи увид во информативниот проспект и Статутот на доброволниот пензиски фонд.

## 11. ИНФОРМИРАЊЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ

Член 95

Работењето на Друштвото е јавно.

Друштвото во своето седиште мора да ги чува актите и документите определени со Законот за трговски друштва.

Член 96

На секој акционер ќе му се обезбеди право на увид на актите и другите документи кои Друштвото согласно законските прописи е должно да ги чува во своето седиште.

Правото на информирање за записниците и одлуките на Управниот одбор акционерите го остваруваат преку члeновите на Надзорен одбор.

Акционерот кој бара увид, мора претходно да го информира Друштвото три дена пред денот за бараниот увид и увидот ќе може да го изврши во деловните простории на Друштвото. Акционерот ќе ги плати трошоците за бараните копии, коишто не можат да бидат повисоки од стварните трошоци.

Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен на акционерите, ако остварува пред надлежен орган некое право определено со закон, Статутот на Друштвото и со друг акт на Друштвото, или ако тие веќе не се јавно објавени.

Доколку акционерот објави или на некој друг начин злоупотреби информација и со тоа свое дејство му причини штета на Друштвото, му одговара на Друштвото за причинетата штета.

## 12. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Член 97

Внатрешната ревизија е организирана како независен организационен дел, функционално и организациски издвоен од останатите делови на Друштвото, непосредно одговорен за својата работа пред Надзорниот одбор на Друштвото.

Основната цел на работењето на внатрешната ревизија е да врши:

- постојана и целосна контрола на законитоста и ажурноста на работењето на Друштвото, особено на управувањето со средствата доброволниот пензискиот фонд;
- оцена на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола;
- оцена на поставеноста на информациониот систем;
- оцена на точноста и веродостојноста на финансиските извештаи на Друштвото и доброволниот пензиски фонд;
- проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со закон и подзаконските акти од соодветната област;
- следење на почитувањето на прописите, политиките и процедурите од областа на работење на Друштвото, вклучувајќи ги и политиките за управување со ризик и етичкиот кодекс на Друштвото;
- оцена на системите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- оцена на услугите што Друштвото ги добива од надворешни соработници;
- процена на општата ефикасност на работењето на Друштвото;
- оцена на процесот на управување со ризици;

- оцена на процесот на исплата на пензиски надоместоци преку програмирани повлекувања, еднократни исплати и повеќекратни исплати и
- давање на препораки и редовно следење на нивната реализација.

Член 98

Организациската единица на внатрешната ревизија има овластување од Надзорниот одбор на Друштвото и има можност за непречено и непосредно комуницирање со него.

За потребите на своето делување, внатрешниот ревизор на единицата, во секое време има гарантирано право и можност за непосреден пристап кон сите евиденции, информации, податоци, вработени и простории, како и можност за увид во целокупното работење, со целосна одговорност за безбедно чување на доверливите документи и зачувување на тајноста на податоците.

Вработените во организациската единица за внатрешна ревизија ја извршуваат исклучиво функцијата на внатрешен ревизор.

Директорот на единицата за внатрешна ревизија го именува Надзорниот одбор на Друштвото.

Член 99

Внатрешната ревизија, за извршените контроли и за евентуалните ризици врз финансискатасостојба во Друштвото и пензиските фондови го известува Надзорниот одбор.

За својата работа внатрешната ревизија изготвува Годишна програма за работа и Годишен извештај за работа за претходната година и ги доставува на усвојување на Надзорниот одбор најдоцна до 31 март со истовремена обврска истите да ги достави и до Агенцијата.

Надзорниот одбор усвојува акти со кои поблиску се регулира постапката за спроведување на надлежностите на организациската единица за внатрешна ревизија, нејзиниот состав и други прашања од доменот на нејзиното работење.

## 13. ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 100

Под деловна тајна се сметаат податоците, информациите, документите и програмската опрема чие соопштување на неовластено лице, поради нивниот карактер и значење е спротивно на интересите на Друштвото и пензиските фондови.

Под деловна тајна покрај горенаведените се сметаат и податоците, информациите и личните документи кои согласно законските и подзаконските прописи се прогласени за деловна и друг вид тајна.

Член 101

Деловната и друг вид на тајна се должни да ја чуваат сите акционери на Друштвото, членовите на Управниот и Надзорниот одбор, лицата со посебни права, вработените на Друштвото кое управува со пензиските фондови и други лица на кои им е овозможен пристап во работењето на Друштвото.

Должноста за чување на деловна и друг вид на тајна трае и по истекот на мандатот и престанувањето на работниот однос.

Член 102

Управниот одбор на Друштвото може со посебен акт да го утврди начинот на одредување и заштита на деловната тајна.

## 14. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

Член 103

Друштвото се основа на неопределено време.

Член 104

Друштвото може да престане во следните случаи:

- со одлука на Собранието за престанување на Друштвото донесена со мнозинство гласови од две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието;
- со правосилна одлука на судот со која е утврдена ништовност на Друштвото и на уписот на Друштвото во трговски регистар;
- стечај;
- други случаи утврдени со закон.

## 15. ДРУГИ АКТИ НА ДРУШТВОТО

Член 105

Односите во Друштвото, покрај со Статутот на Друштвото, се уредуваат и со други акти на Друштвото. Другите акти на Друштвото мора да бидат во согласност со Статутот на Друштвото, како основен акт на Друштвото. Одредбите кои се во спротивност со Статутот на Друштвото се ништовни.

Постапката за измена на Статутот на Друштвото можат да покренат Управниот одбор, Надзорниот одбор, како и акционерите кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акциите со право на глас.

Член 106

Управниот одбор го утврдува текстот на предлог - Статутот на Друштвото, кој се усвојува на седница на Собрание на акционери на Друштвото и подлежи на одобрение од Агенцијата. Утврдениот предлог на одлуката за измена на Статутот на Друштвото мора да биде образложен.

За измената на Статутот на Друштвото или на некои негови одредби е потребно одобрение од Агенцијата, кон пријавата се приложува и одобрението.

Член 107

Измена на Статутот на Друштвото се врши со одлука на Собранието за која се изјасниле најмалку две третини од акционерите со право на глас.

Член 108

Толкување на општите акти на Друштвото дава органот кој ги донел.

## 16. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 109

За сè што не е предвидено со Статутот на Друштвото, ќе се применуваат одредбите од прописите кои ја регулираат определената материја.
Автентично толкување на одредбите од Статутот на Друштвото дава Собранието.

Член 110

Овој статут влегува во сила по добивање на одобрение од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

Претседавач
На собрание на акционери
на ВФП Пензиско Друштво АД Скопје